Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Осумдесет и вторатаседница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 13 септември 2022 година

Скопје, септември 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 септември 2022 година**

Седницата започна во 12:22 часот.

На седницата претседаваше, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања,членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство(в.к.в), доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, како иРазмена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерство за економија.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестицииФатмир Битиќи ичленовите на Владатад-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда,м-р Крешник Бектеши, министер за економија,д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована

Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од 76-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 август 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 77-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 септември 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 80-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2022 година**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Агенда за дигитална трансформација

- Информација за потребата од формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството, со Предлог-одлука

1. Информација со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места

2. Информација за добивање согласност Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ да биде инвеститор за изградба на ,,Девијација на државен пат Р2133“ кај с.Лопате за премостување на железничките пруги Куманово-граница со Р.Бугарија и Табановце-Скопје

3. Ценовник за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

5. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (Општина Крушево)

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, по скратена постапка

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*)

8. Предлог на закон за изменување на Законот за јавните претпријатија

9. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Расадиште“, Општина Тетово, со Предлог-одлука

10. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“, с. Доброшинци, Општина Василево 3/22 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22), со Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2022, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22 и Предлог-одлука

11. Информација во врска со престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина на Друштвото за производство и трговија Пела транс ДООЕЛ с.Мажучиште, Прилеп заради отворање на стечајна постапка, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-дијабаз на локалитетот „Оризари“, Општина Липково

13. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-гранит на Друштвото за производство, промет и услуги Петра-гранит увоз-извоз ДОО с.Желино, Желино на локалитетот „Подмол“, с.Подмол, Општина Прилеп

14. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Јанкулов, ул.Гоце Делчев бр.25, с.Марена, Кавадарци, со Предлог-одлука

15. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ѓорѓи Глигоров, ул.Даме Груев бр.5, Демир Капија, со Предлог-одлука

16. Информација за реализација на I фаза-водоснабдување од проектот „Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип за општините Штип, Карбинци, Свети Николе и Лозово“ и добивање на одобрение за отпочнување на постапки за повеќегодишни јавни набавки за реализација на активностите за општините Свети Николе и Лозово

17. Информација за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија

18. Предлог-одлуки за изменување на Одлуката за формирање на Совет за земјоделство и рурален развој

19. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција на филтер станица за вода за пиење во Берово, Општина Берово

20. Информација во врска со барањето на концесионерот „Биор енерги“ ДОО експорт импорт Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2

21. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник

22. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување игри на среќа „Старбет“ ДОО Гостивар во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „Никола Парапунов“ бр.55, Гостивар

23. Информација за Програмата и приоритетите на чешкото претседателство со Советот на Европската Унија

24. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/24 на Советот од 10 јануари 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Никарагва

25. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/157 на Советот од 4 февруари 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/1775 на Советот за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали

26. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/240 на Советот од 21 февруари 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив

27. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/661 на Советот од 21 април 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја

28. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/2160 на Советот од 6 декември 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права

29. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/596 на Советот од 11 април 2022 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран

30. Информација за потребата за потпишување на Меморандумот за соработка помеѓу DAI Global,LLC. (ДАИ Глобал ЛЛЦ) и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум

31. Барање на Ѓени Имами, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

32. Предлог на закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

33. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за јавните установи за социјална заштита-домови за стари лица за 2023 година

34. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации за јавните установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2023 година

35. Информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување за период од јануари 2022 година до јуни 2022 година

36. Информација за подготвениот Годишен извештај за 2021 година за имплементација на Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика-(р) ЕСРП 2022, со Годишен извештај

37. Информација за донесување на Уредба за престанување на важењето на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, со Предлог-уредба

38. Информација за доставување на Проект за основање на високообразовна установа, Висока стручна школа „Хајделберг факултет во Скопје“, со Предлог-одлука

39. Информација за содржината на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2022 година, со Предлог-одлука

40. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1469 за КО Бутел, на КП бр.4622, викано место/улица Натанаил Кучевишки

41. Понуда од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.629 и Имотен лист бр.100240 за КО Нов Дојран, на КП бр.1184/1, викано место/улица Манастир

42. Понуда од нотар Илѓхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13113 и Имотен лист бр.6268, дел 1, КО Бутел, на КП бр.1187, викано место/улица Кипарска бр. 17

43. Известување од извршител Лазар Петровски од Куманово, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 13 септември 2022 година, доставен под И.бр.35/22 за КО Куманово

44. Кадровски прашања

45. Прашања и предлози

46. Извештај за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати за период од 27 јануари 2022 година до 27 јули 2022 година

47. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за период од април 2022 година до јуни 2022 година

48. Извештај работата на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2021 година

49. Ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Годишна сметка за 2021 година на Централниот регистар на Република Северна Македонија

50. Предлог-одлуказа воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање

51. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ Triglav Star 22 mountaineering exercise TS-22“ во Република Словенија

52. Записникод Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 12 септември 2022 година, со Предлог-одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија и Предлог-одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија

53. Предлог-програма за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022)

54. Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството

55. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешна контрола и спречување и борба против корупцијата, со текст на Договор

56. Информација за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка

*

*      *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 август 2022 година, Записникот од Седумдесет и седмата седница наВладата на Република Северна Македонија, одржана на 1септември 2022 година и Записникот од Осумдесеттата седница наВладата на Република Северна Македонија, одржана на 9септември 2022 година.

*

*      *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Агенда за дигитална трансформација
- Информација за потребата од формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството, со Предлог-одлука

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството, со заклучок текстот на истата да се дополни со членови и заменици на членовите од Министерството за финансии и Министерството за одбрана.

Исто така, текстот на Предлог-одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање и проектот-Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места, во предложениот текст.

## Точка 2

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ да биде инвеститор за изградба на ,,Девијација на државен пат Р2133“ кај с.Лопате за премостување на железничките пруги Куманово-граница со Р.Бугарија и Табановце-Скопје и го усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да изработи Проектна програма за изработка на техничка документација за изградба на „Девијација на државен пат Р2133 кај с. Лопате за премостување на железничките пруги Куманово-граница со Р.Бугарија и Табановце-Скопје“ и истата да ја достави до Јавното претпријатие за железничка инфраструктура, Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, согласно изработената Проектна програма за изработка на техничка документација за изградба на „Девијација на државен пат Р2133 кај с. Лопате за премостување на железничките пруги Куманово-граница со Р.Бугарија и Табановце-Скопје“ да спроведе постапка за изготвување на целокупната потребна техничка докуменатција за изградба на девијацијата.

3. Даде согласност на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје да биде инвеститор на изградба на „Девијација на државен пат Р2133 кај с.Лопате за премостување на железничките пруги Куманово-граница со Република Бугарија и Табановце-Скопје“ кој по изградбата и добивање на употребна дозвола ќе биде предаден на Јавното претпријатие за државни патишта, согласно член 15, став (2) од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), како и одредбите од Правилникот за начинот, постапката и условите под кои Агенцијата за државни патишта дава согласност за изградба на државен пат на друг инвеститор („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/11).

По изградбата државниот пат се запишува во сопственост на Република Северна Македонија.

## Точка 3

Владата по новиот текст на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Членот 13 од Предлогот на закон да се преработи во насока, рокот 31 март 2024 година, да се смени со рок 31 март 2023 година.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Исмаил Љума државен советник во Министерството за економија и Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 7**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за економија да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

2. Министерството за економија да изврши усогласување на текстот на Изјавата за усогласеност со законодавството на Европската Унија и кореспондентните табели со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*) согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, м-р Исмаил Лума, државен советник во Министерството за економија и Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за јавните претпријатија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 9

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Расадиште“ Општина Тетово, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“, с. Доброшинци, Општина Василево 3/22 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22), со Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2022, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22 и Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“, с. Доброшинци, Општина Василево 3/22 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22).

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната

суровина-песок и чакал на Друштвото за трговија, производство и услуги Минерал груп ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Коџа Дол“, с.Доброшинци Општина Василево, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина на Друштвото за производство и трговија Пела транс ДООЕЛ с.Мажучиште, Прилеп заради отворање на стечајна постапка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-градежно-технички камен-варовник на локалитетот „Папрадиште“, с.Драгов Дол, Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-дијабаз на локалитетот „Оризари“, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-гранит на Друштвото за производство, промет и услуги Петра-гранит увоз-извоз ДОО с.Желино, Желино на локалитетот „Подмол“, с.Подмол, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Јанкулов, ул.Гоце Делчев бр.25, с.Марена, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ѓорѓи Глигоров, ул.Даме Груев бр.5, Демир Капија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на I фаза-водоснабдување од проектот „Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип за општините Штип, Карбинци, Свети Николе и Лозово“ и добивање на одобрение за отпочнување на постапки за повеќегодишни јавни набавки за реализација на активностите за општините Свети Николе и Лозово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за реализирање на постапки за повеќегодишна јавна набавка за реализација на активностите од I фаза-водоснабдување од проектот „Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип за општините Свети Николе и Лозово“.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги вклучи предвидените финансиски средства во износ од 395.500.000 денари за реализација на овој проект во буџетските циклуси и тоа:

-2022 година 25.000.000 денари, со вклучен ДДВ,
-2023 година 222.000.000 денари, со вклучен ДДВ,
-2024 година 131.000.000 денари, со вклучен ДДВ и
-2025 година 17.500.000 денари, со вклучен ДДВ.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство потребните средства реализирање на постапки за повеќегодишна јавна набавка за реализација на активностите од I фаза-водоснабдување од проектот „Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип за општините Свети Николе и Лозово“ да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на секои шест месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите.

## Точка 17

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да ја дополни Информацијата со детална анализа на искуствата од земјите на Европската Унија во кои биле воведени вакви инструменти, кои биле причините за воведување на истите и кои се ефектите од нивната примена, како и со податоци за постојните инструменти кои веќе им се достапни на земјоделците во нашата земја, пристапот до нив, интересот за нивно користење и проблемите со кои тие се соочуваат при нивно користење.

Материјалот да се разгледа во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за земјоделство и рурален развој, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција на филтер станица за вода за пиење во Берово, Општина Берово и ја усвои со следните заклучоци:

1.Даде согласност врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за животна средина и просторно планирање за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција на филтер станица за вода за пиење во Берово, Општина Берово, во вкупна вредност од 75.967.390,00 денари со вклучен ДДВ и вклучен технички надзор над изградбата, со динамика на плаќање и тоа:

- 7.500.000,00 денари за 2022 година;
- 38.000.000,00 денари за 2023 година и
- 30.467.390,00 денари за 2024 година.

2.Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе постапка за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција на филтер станица за вода за пиење во Берово, Општина Берово.

3.Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот „Биор Енерги“ ДОО експорт импорт Тетово, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ

Речица 2 со бр. 11-2171/1 од 27.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 7.8.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Биор Енерги Груп ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот најмалку до 5.10.2023 година.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување игри на среќа „Старбет“ ДОО Гостивар во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „Никола Парапунов“ бр.55, Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата и приоритетите на чешкото претседателство со Советот на Европската Унија, ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/24 на Советот од 10 јануари 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Никарагва, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/157 на Советот од 4 февруари 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/1775 на Советот за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/240 на Советот од 21 февруари 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ

(Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/661 на Советот од 21 април 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/2160 на Советот од 6 декември 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/596 на Советот од 11 април 2022 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата за потпишување на Меморандумот за соработка помеѓу DAI Global,LLC. (ДАИ Глобал ЛЦЦ)и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу DAI Global,LLC. (ДАИ Глобал ЛЦЦ) и Владата на Република Северна Македонија.

2. Се овластува м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу DAI Global,LLC. (ДАИ Глобал ЛЦЦ) и Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи сите активности поврзани со спроведување на Меморандумот, надлежните институции да ги спроведуваат во рамките на сопствените буџети.

**Точка 31**

Владата го разгледа Барањето на Ѓени Имами, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 32**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За преставници на Владата во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 33**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за јавните установи за социјална заштита-домови за стари лица за 2023 година, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации за јавните установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2023 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување за период од јануари 2022 година до јуни 2022 година, ја усвои и го задолжи Министерството за труд и социјална политика во декември 2022 година да ја информира Владата за спроведените активности и за напредокот во однос на социјалната инклузија на времено згрижените лица во Прифатниот центар во Визбегово.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за подготвениот Годишен извештај за 2021 година за имплементација на Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика-(р) ЕСРП 2022, со Годишен извештај, ја усвои и го задолжи Министерството за труд и социјална политика до 30 септември 2022 година да го достави Годишниот извештај за 2021 година за имплементација на Ревидираната програма за реформи во вработувањето и

социјалната политика-(р) ЕСРП 2022, преведен на англиски јазик, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања.

Истовремено, Владата заклучи финансиските средства за реализација на Ревидираната програма да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на надлежните институции, соодветно по години.

## Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Уредба за престанување на важењето на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за престанување на важењето на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовани установи и за вршење на високообразовна дејност, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на Проект за основање на високообразовна установа, Висока стручна школа „Хајделберг факултет во Скопје", со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на високообразовна установа-Висока стручна школа „Хајделберг факултет во Скопје", во предложениот текст.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијатаза содржината на програмата за изменување и дополнување на програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1469 за КО Бутел, на КП бр.4622, викано место/улица Натанаил Кучевишки и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.629 и Имотен лист бр.100240 за КО Нов Дојран, на КП бр.1184/1, викано место/улица Манастири не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13113 и Имотен лист бр.6268, дел 1, КО Бутел, на КП бр.1187, викано место/улица Кипарска бр. 17 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 43**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Лазар Петровски од Куманово, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на13 септември 2022 година, доставен под И.бр.35/22 за КО Куманово и по истото го усвои негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје.

**Точка 44**

1. Владата на Бујар Дардхишта му утврди престанок на правото за остварување плата по престанувањето на функцијата директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда, заклучно со 13.9.2022 година, на негово барање поради вработување.

2. Владата од должноста членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, ги разреши:

-Андон Бојаџи и

-м-р Мише Тутковски

2.1 Владата за членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, ги именува:

-д-р Сања Рилковска, на предлог на Јавната установа Национален парк „Галичица“ и

-Катерина Велкоска, на предлог на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид

3. Владата ја разреши Иринка Сотирова-Бухова од должноста вршител на должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство, на нејзино барање.

4. Владата ја именува Рената Младеновска за вршител на должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Муса Зука од должноста член на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации.

5.1 Владата ја именува Рајмонда Незири, претставник од Бирото за развој на образованието, за член на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации.

6. Владата го разреши Владимир Граматиков од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

6.1. Владата го именува Горан Ѓорѓиевски, претставник од Туристичко угостителската комора, за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

7. Владата го разреши Арјан Мехмети од должоста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк „Пелистер"-Битола, поради истек на мандатот.

7.1 Владата го именува Арјан Мехмети за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк „Пелистер"-Битола.

**Точка 45**

1. Владата го разгледа и го прифати Барањето од Средното училиште на Град Скопје „Никола Карев"-Скопје за давање согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на училишен мебел, под бр.03-702/1 од 9.9.2022 година.

**2.** Владата го разгледа и не го прифати Барањето на Советот на Општина Куманово за отпис на долг на ЈП „Водовод"-Куманово, под бр.09-7046/1 од 2.9.2022 година.

**3**. Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за прифаќање на исплатениот паричен надомест на четворица припадници на безбедносните сили на Република Северна Македонија како справедлив надомест на нематеријална штета, во предложениот текст.

**4.** По однос на барањето на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Владата го задолжи Министерството за правда, во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности и Заедницата на единиците на

локалната самоуправа, во рок од две недели, до Владата да достават соодветно предлог-решение, со кое општините ќе можат да ги користат податоците за имот од катастарот без надоместок.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 1 септември 2022 година до 7 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата заклучи Заклучокот под реден број еден, точка 29, од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 август 2022 година, донесен по Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства за кофинансирање на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево“ кој гласи: „Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) да продолжи со постапката за преговарање со понудувачот кој има технички исправна и истовремено најниска финансиска понуда од останатите понудувачи, а истата нема да го надминува износот согласно направената анализа на Министерството за финансии и измената на Билатералниот договор.“ да се измени и да гласи: „Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори ЦФЦД да заврши со постапката за преговарање согласно утврдените рокови и во рамки на финансиската рамка предвидена со измената на Билатералниот договор“.

**7.** Владата по Известувањето доставено од Државниот инспекторат за труд, под бр.08-1539/2 од 19 април 2021 година, заклучи Заклучокот донесен на Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2021 година (точка 66, Прашања и предлози), да престане да важи.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, за период од 1 септември 2022 година до 7 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се

загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 1 септември 2022 година до 7 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** На предлог на министерот за здравство, д-р Беким Сали, а по повод Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола, донесена на Сто шеесет и осмата седница на Владата, одржана на 3 декември 2019 година, Владата заклучи условно да донесе Одлука, со која оваа одлука ќе престане да важи и недвижната ствар повторно ќе се даде на трајно користење на Министерството за одбрана, доколку Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи достават позитивни мислења по текстот на истата.

**11.** По повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, во однос на отпочнувањето на скрининг процесот на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија, кој претставува прв чекор кон започнување на преговори на Република Северна Македонија и Европската Унија, а со цел рационализација на утврдувањето на бројот на лица ангажирани од јавната администрација кои ќе бидат дел од делегациите кои ќе патуваат во Брисел и ќе присуствуваат на состаноците за скрининг процесот, како и подобрување на координацијата помеѓу јавните институции, Владата заклучи:

-Секретаријатот за европски прашања да направи структура, со прецизна евиденција на лица, врз основа на утврдени критериуми и насоки, според кои секоја институција ќе може да направи рационален и прецизен план за бројот на лица, кои ќе бидат дел од македонските делегации кои ќе патуваат во Брисел, нивото на делегациите, на која програма и состанок истите ќе бидат присутни, да утврдат начини на кој лицата кои ќе бидат присутни на скрининг состаноците да може да ги споделуваат информациите од истите со колегите со својата и останатите институции, како и да ја разгледаат можноста дел од македонските делегации кои треба да патуваат во Брисел и да присуствуваат на состаноците за скрининг процесот, истото да може да го сторат преку учество со видеоконференциска интернет-конекција.

## Точка 46

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати за период од 27 јануари 2022 година до 27 јули 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 47

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за период од април 2022 година до јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Ревизорскиот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Годишната сметка за 2021 година на Централниот регистар на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ Triglav Star 22 mountaineering exercise TS-22“ во Република Словенија, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го разгледа Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 12 септември 2022 година, со Предлог-одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија и Предлог-одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 12 септември 2022 година.

2. Го утврди Предлогот на одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија

да одобри продолжување на рокот за постоење на кризната состојба до 30 април 2023 година) и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Го утврди Предлогот на одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризната состојба до 30 април 2023 година) и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022) и ја донесе Програмата, со заклучок во членот 1 од истата да се додаде нова точка со 4 супспецијализации за Клиниката за инфективни и фебрилни состојби.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешна контрола и спречување и борба против корупцијата, со текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешна контрола и спречување и борба против корупцијата.

2. Го определи Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи во име на Владата на Република Северна Македонија, да го парафира и потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешна контрола и спречување и борба против корупцијата.

Истовремено, предлагачот да го достави текстот на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешна контрола и спречување и борба против корупцијата на англиски и на романски јазик.

**<u>Точка 56</u>**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)" и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка, поради потребата м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, да одржи средба со м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење и д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, со цел усогласување по текстот на Информацијата и доколку се усогласат, истата да се разгледа на седница на Владата.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**